Република Северна Македонија

**Јавно претпријатие за државни патишта**

Бр. 04-241/4

Скопје, 13.01.2020 година

Врз основа на член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија бр. 167/15 – пречистен текст и 27/16, 120/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.110/19) и член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија 143/19"), Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, донесе

Одлука

за неизвршен избор на кандидати по јавен оглас

за вработување на неопределено време на работници -помошно технички лица по оглас број 2А/2019 објавен во дневните весници „Слободен печат" и „Коха" на ден 28.12.2019 година

1. За пополнување на слободно работно место КДР0401А03005 Хигиеничар, во Одделението за човечки ресурси и општи работи, во Секторот за правни работи, човечки ресурси и општи работи – 1 извршител, нема пријавено уредни кандидати и не се врши избор.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Комисијата за спроведување на постапка за избор на кандидати за вработување на неопределено време во Јавното претпријатие за државни патишта формирана со Решение бр.04-13612/3 од 13.12.2019 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на неопределено време на работници -помошно технички лица во Јавното претпријатие за државни патишта, по јавниот оглас 2А/2019 објавен на ден 28.12.2019 година во дневните весници „Слободен печат" и „Коха", спроведе постапка за вработување согласно Законот за работните односи.

Според пристигнатите пријави на кандидатите за вработување за работно место хигиеничар – 1 извршител, комисијата изврши проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во огласот, проверка на приложените докази кон пријавата, интервју и до Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, достави конечна ранг листа на кандидати.

Врз основа на наведеното, Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.


Јавно претпријатие за државни патишта
Република Северна Македонија
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3118 044, +389 2 3228 454
Факс: +389 2 3220 535
http://www.roads.org.mk/

Република Северна Македонија

**Јавно претпријатие за државни патишта**

**Упатство за правно средство:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба преку Јавното претпријатие за државни патишта до Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта во рок од 8 дена од објавувањето на одлуката на интернет страницата на Јавното претпријатие за државни патишта.

Директор
Зоран Китанов

Доставено до:
- Одделение за човечки ресурси
- Архива

Изработил: Биљана Цветковиќ
Контролирал: Даниела Тасевски
Одобрил: Сузана Атанасова


Јавно претпријатие за државни патишта
Република Северна Македонија
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3118 044, +389 2 3228 454
Факс: +389 2 3220 535
http://www.roads.org.mk/